Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 октомври 2023 година

Скопје, октомври 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 октомври 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:50 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа Снежана Нацаковска и Ирена Јованова Поповска, државни советници во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање,

На седницата учествуваа Зуљхајрат Демири, директор на Македонски железници Транспорт АД-Скопје и нотар Анета Петровска-Алексова.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална

политика, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (км 0+000-км 8+430)

2. Предлог-одлука за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Тетово-Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 37+716-53+127)

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Предлог-решение за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари

6. Барање за зголемување на основната главнина на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, во државна сопственост, во влог преку издавање на нови акции од трета емисија по пат на приватна понуда за подмирување на долг кон Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, со предлог-одлуки.

7. Барање за автентично толкување на член 2 став (3), член 72 став (1), член 75 став (1), член 50 и член 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19 ), а во врска со издавање на граѓански обврзници

8. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока

9. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за посебни услови за трговија на одделни стоки, определување на највисоки цени за одделни производи

во трговијата на мало, како и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Гостивар-Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (км 0+000-км 8+430) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Тетово-Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 37+716-53+127) и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози

**Точка 4**

Владата по Барањето за обезбедување на простории од Фискалниот совет на Република Северна Македонија го задолжи Министерството за финансии да обезбеди соодветен простор за потребите на Советот.

**Точка 5**

Владата го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари.

**Точка 6**

Владата повторно го разгледа Барањето за зголемување на основната главнина на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, во државна сопственост, во влог преку издавање на нови акции од трета емисија по пат на

приватна понуда за подмирување на долг кон Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, со предлог-одлуки, го прифати Барањето и ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

2. Одлуката за зголемување на основната главнина на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од четврта емисија по пат на приватна понуда.

**Точка 7**

Владата заклучи да поднесе Барање за автентично толкување на член 2 став (3), член 4, член 50, член 72 став (1) и член 75 став (1) од Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), а во врска со издавање на граѓански обврзници.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за посебни услови за трговија на одделни стоки, определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, како и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**